Врз основа на член 65 став (6) од Законот за животната средина („Службен весник на РМ“ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и „Службен Весник на РСМ“ бр. 99/18, 89/22 и 171/22), Општина Битола, на ден 02.04.2026 година, донесе:

# ОДЛУКА ЗА НЕСПРОВЕДУВАЊЕ НА СТРАТЕГИСКА ОЦЕНА

1. За планската документација - **Детален урбанистички план за Четврт Запад 8, Блок 3.08.01, Општина Битола,** кој се носи согласно Решение за одобрување на планска програма бр. 08-335/24 од 09.04.2024 год**, не е потребно да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина** согласно член 65 од Законот за животната средина.

2. Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на **Општина Битола, www.bitola.gov.mk**

3. Согласно критериумите за определување на тоа дали еден плански документ има влијание врз животната средина од чл. 65 став (4) од Законот за животна средина и врз основа на податоците од Прилог 2 на Правилникот за формата, содржината и образецот на одлуката за спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена, донесувањето на планскиот документ за **Детален урбанистички план за Четврт Запад 8, Блок 3.08.01, Општина Битола**, нема да има влијание врз животната средина од следните причини: истото претставува развој на просторното и урбанистичко планирање во рамките на Генералниот урбанистички план на град Битола. Согласно Законот за животна средина, како и Законот за заштита на природата, правните или физичките лица кој вршат дејности или активности кои не спаѓаат во проектите за кои се спроведува постапка за оцена на влијанието врз животната средина се должни да изготват Елаборат за заштита на животната средина, со цел да се оцени влијанието на дејностите или активностите врз животната средина, пред да започнат со спроведување на проектот и истиот да го достават до органот надлежен за одобрување на спроведувањето на проектот.

4. Против оваа одлука може да се поднесе жалба до **Министерството за животна средина и просторно планирање** во рок од 15 дена од денот на објавувањето на веб страната.

Бр.08-456/1
од 02.04.2026
Општина Битола

ГРАДОНАЧАЛНИК

**Тони Коњановски**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ГРАДОНАЧАЛНИК ОПШТИНА БИТОЛА

| Податоци за органот кој го изработува планскиот документ | |
|---|---|
| Назив на планскиот документ | Детален урбанистички план за Четврт Запад 8, Блок 3.08.01, Општина Битола |
| Орган надлежен за изработка на планскиот документ | ЈП за урбанистичко планирање, проектирање и инжинеринг - Битола |
| Орган надлежен за донесување на планскиот документ | Општина Битола |

| Податоци за изработувачот на планскиот документ | |
|---|---|
| Име на лицето овластено за подготвување на планскиот документ | Благојче Цветковски,<br>дипл.инж.арх. овластување бр.0.0463 |
| Назив на работното место | Планер |
| Контакт податоци за лицето | Бул. 1-ви Мај бр.61, Битола<br>e-mail адреса: jpzuppi.cvetkovski@gmail.com |

| Основни податоци за планскиот документ | | | |
|---|---|---|---|
| **Од што произлегува донесувањето на планскиот документ? (пр. законска обврска или друга одредба)** | | | |
| Согласно Законот за урбанистичко планирање (Службен весник на РСМ бр.32/20, 111/23, 171/24, 224/24,40/25 и 11/25) и член 65 став (4) од Законот за животна средина. | | | |
| **Дали се донесува нов плански документ или се вршат измени на постојниот?** | | | |
| Да ✓ | | | |
| Не | | | |
| **Доколку се врши измена на постоечки плански документ наведете го називот на стариот плански документ и причините за негово изменување?** | | | |
| Постоечка планска документација за предмениот опфат е: „Детален урбанистички план за Станбена заедница бр. 1 и 2 – Битола 1979 год." и „Одредбите за спороведување на измените и дополнувања на ДУП за Станбена заедница „Девеани", кои се однесуваат и на ДУП за „Буковски ливади – 2 дел" согласно Одлука бр. 08-58 од 05.02.1998 год. („Сл. гласник на Општина Битола" бр. 1/98)." | | | |
| **Дали планскиот документ опфаќа област определена со член 65 став 2 од Законот за животна средина? Доколку одговорот е ДА наведете ја областа.** | | | |
| ДА – просторно и урбанистичко планирање | | | |
| **Дали планскиот документ е определен со уредбата за стратегиите, плановите и програмите, вклучувајќи ги и промените на тие стратегии, планови и програми, за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето. Доколку е определен наведете ја точката и алинејата под која е определен. (пр. член 3, точка 1, алинеја 5)** | | | |
| Да<br>Не ✓ | Член: / | Точка: / | Алинеја: / |
| **Дали со планскиот документ се планира реализирање на проект што е предвиден со Уредбата за определување на проектите и критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапка за оцена на влијанието врз животната средина. Доколку одговорот е позитивен наведете за каков проект станува збор.** | | | |
| Не, предметниот опфат влегува во опфатот на ГУП на град Битола. | | | |
| **Дали планскиот документ опфаќа користење на мала област од локално значење како што е определено со член 65 став 3 од Законот за животна средина. Доколку одговорот е ДА, наведете ја површината на областа и нејзиното значење.** | | | |
| Не | | | |
| **Да се наведе целта на донесување на планскиот документ и да се опише клучната одлука која ќе се донесе.** | | | |
| Целта на донесување на Деталниот урбаниситички план е разработка, изменување и дополнување на условите за градба на предметното подрачје во Општина Битола, кое е веќе опфатено со претходни урбанистички планови.<br>На градежните парцели во опфатот се дефинирани следниве намени:<br>**А (домување) :**<br>- А2 – Домување во згради<br>- А3 – Заедничко (групно) домување<br>o А3.3- Згради за престој на пензионери, стари и немоќни лица<br>**Б (комерцијални и деловни намени):**<br>-Б4 – Деловни и комерцијални дејности во големи канцелариски згради<br>-Б6 – Простори за собири и публика<br>**В – (јавни дејности и институции):**<br>-В1 – Образование и наука<br>o В1.1 – Основно образование<br>-В2- Здравствена и социјална заштита<br>o В2.8- Установи за згрижување на деца од претшколска возраст – детски градинки, јасли и сл.<br>**Г ( производство дистрибуција и сервиси):**<br>-Г2 – Лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија<br>o Г2.8-Топлани за комунално греење<br>**Е (инфраструктура):**<br>- Е1 – Сообраќајни, линиски и други инфраструктури<br>Е1.8- Инфраструктури за пренос на електрична енергија | | | |

| |
|---|
| **Д (зеленило, рекреација и меморијални простори):**<br>-Д1 – Парковско и пејсажно зеленило<br>o Д1.1 Јавни градски паркови, зелени скверови |
| **Предмет на планскиот документ. (пр. транспорт, планирање на просторот и сл.)** |
| Планирање на просторот |
| **Периодот за донесување на планскиот документ.** |
| Планскиот период се донесува за период од 5 години. |
| **Предвидено ревидирање на планскиот документ. Доколку е предвидено ревидирање, на колку години?** |
| На 5 години |
| **Простор или област опфатени со планскиот документ. (пр. географска област, добро е да се прикачи мапа)** |
| Во предметниот плански опфат, со вкупна површина од 15.70 ha, сместени се повеќе намени. Се наоѓа на надморска височина од 647-671 м.Опфат се наоѓа во западната страна на градот, одалечен на 2 км од центарот на градот, а границата на планскиот опфат има должина од 1,78 км. |
|  |
| **Целите и/или предлог целите што треба да се постигнат со реализирањето на планскиот документ и дали истите се содржани во акт или документ.** |
| Да<br>Не ✓ |
| **Дали е приложена копија од целите?** |
| Да<br>Не ✓ |

<table>
<tr><td colspan="2">Резиме на влијанијата врз животната средина<br>(Да се определи дали имплементацијата на планскиот документ ќе предизвика значително влијание врз животната средина, потребно е да ги пополните прашањата кои следат подолу како водич за определување на значителното влијание на ефектите врз животната средина, а кои се во согласност со Уредбата за критериумите врз основа на кои се донесуваат одлуките дали определени плански документи би можеле да имаат значително влијание врз животната средина и здравјето на луѓето.)</td></tr>
<tr><td colspan="2">Потенцијални влијанија врз животната средина од планскиот документ можат да настанат од:<br>- негативни влијанија, посебно во фаза на градба (емисии на штетни материи во воздухот, можни штетни влијанија врз почвата (директни и индиректни), емисии на бучава, отпад и влијанија врз флората и фауната, ќе бидат локални и со ограничен временски рок.<br>- влијанија за време на експлатација (воздух, почва, води, зголемено ниво на бучава и вибрации и несоодветно управување со отпад) за што е потребно да се предвидат мерки за заштита.</td></tr>
<tr><td>Веројатноста, времетраењето, фреквентноста и повратноста на влијанијата;</td><td>Со реализација на планската документација ќе се постигне развој во просторното и урбаниистичко планирање на предметното подрачје каде во контруктивната фаза ќе се генерираат емисии во воздухот од градежните активности и од механицазијата, отпад, бучава, вибрации, несакани истекувања и сл. кои може да предизвикаат негативни влијанија врз здравјето на луѓето, воздухот, почвата, биолошката разновисност, пределот и сл.<br>Овие влијанија се оценуваат како можни, локални, повратни и неповратни, краткорочни влијанија.</td></tr>
<tr><td>Кумулативната природа на влијанијата врз животната средина и животот и здравјето на луѓето</td><td>Не се очекуваат кумулативни влијанија врз животот и здравјето на луѓето.</td></tr>
<tr><td>Прекугранична природа на влијанијата;</td><td>Нема</td></tr>
<tr><td>Ризиците по животот и здравјето на луѓето и животната средина (пр. како резултат на несреќи);</td><td>Нема ризици по животот и здравјето на луѓето.</td></tr>
<tr><td>Опсег и просторниот обем на влијанијата (географска област и големината на популацијата која ќе биде засегната).</td><td>Предметниот опфат е во границата на ГУП на град Битола. Според пописот на населението во 2021 год. вкупниот број на жители во општина Битола изнесува 71 808.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Потенцијалните економски и социјални влијанија кои би ги предизвикал планскиот документ како што се:</td></tr>
<tr><td colspan="2">Со реализацијата на деталниот урбанистички план на предметното подрачје ќе се создаде позитивно влијание врз социо-економскиот развој на општината, отворање на нови работни места, зголемување на стапката на економскиот раст, зголемувањето на приходите на локалната самоуправа, стимулирање на развојот на останатите дејности, подобрување на комуналната инфраструктура и уреденоста на просторот.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Вредноста и ранливоста на областа која ќе биде засегната со донесување на планскиот документ:<br>Постои економски бенефит кој ќе се оствари со новото планско решение за предметниот простор, односно ќе се подобри квалитетот на живеење.</td></tr>
<tr><td>Посебни природни карактеристики или културно</td><td>Согласно Законот за урбанистичко планирање се вградуваат мерки за заштитна на културното наследство. Согласно член 65 од Законот за заштита на културно наследство (Сл.Весник на РМ бр. 20/04, 115/07,</td></tr>
</table>

| | |
|---|---|
| **наследство** | 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15 и 39/16, 11/18 и 20/19) ако во текот на изведување на градежни работи се дојде до археолошко наоѓалиште односно предмети од археолошко значење, изведувачот на работите е должен да го пријави откритието, да ги запре работите и да го обезбеди наоѓалиштето од евентуално оштетување и уништување а откриените предмети да ги зачува во состојба во која се најдени. |
| **Надминувањата на стандардите за квалитет на животната средина или граничните вредности** | Од предвидените плански содржини не се очекува надминување на стандардите за квалитет на животната средина, ниту пак на граничните вредности. |
| **Интензивна употреба на земјиштето** | Во рамките на просторот кој е опфатен со планскиот опфат постои изграден градежен фонд. Со реализација на планот се предвидуваат градежни парцели за изградба со намени:<br>– **А ( домување)**: А2 – домување во згради, А3.3- згради за престој на пензионери, стари и немоќни лица,<br>– **Б (комерцијални и деловни објекти)**: Б4 – деловни и комерцијални дејности во големи канцелариски згради, Б6 – простори за собири и публика,<br>– **В(образование и наука)**: В1.1- Основно образование, В2.8 – Установа за грижа на деца од претшколска возраст ( детски градинки, јасли),<br>– **Г (производство дистрибуција и сервиси)**: Г2.8 – топлани за комунално греење,<br>– **Е (инфрастуктура)**: Е1.8 – инфраструктура за пренос на електрична енергија<br>– **(Д (зеленило, рекреација и меморијални простори):** Д1.1 – јавни градски паркови,зелени скверови. |
| **Влијанијата врз областите или пејсажите кои имаат признати статус на национални или меѓународни заштитени подрачја.** | На предметното подрчје нема да има влијание на одредени области и пејсажи бидејќи во непосредна близина нема такви заштитени зони. |

**Објаснете го степенот до кој планскиот документ престставува рамка за спроведување на проекти и други активности во однос на локацијата, природата, големината, условите за работа или според одредување на ресурсите:**

Целта на изработката на овој план е развој на просторното и урбанистичко планирање, односно подобрување на условите и квалитетот на живот на граѓаните во таа област.
Со правилно планирање и проектирање и добра анализа на влијанијата, предвидената активност во својата оперативна фаза нема да претставува значителен товар врз животната средина.

**Објаснете ја околината во близина на проектот односно активноста која се планира да се спроведе со планскиот документ од аспект на можни влијанија врз животната средина. (пр. планот предвидува изградба на резиденцијални објекти во близина на индустриска зона, објаснете дали индустриската зона ќе има влијание врз животната средина на планираните резиденцијални проекти):**

Планскиот опфат се наоѓа во рамките на ГУП на град Битола. Предметниот опфат се наоѓа на западната страна на градот, одалечен на 2 км од центарот на градот.

**Објаснете ја важноста на планскиот документ за вклучување на аспектот на заштита на животната средина особено во поглед на промовирањето на одржливиот развој:**
**(Да се наведе дали обемот на планскиот документ придонесува кон одржливоста и**

**намалување на еколошките проблеми. Пр. еден инфраструктурен план може да има поголеми влијанија врз животната средина отколку некој образовен план на наставните планови)**

Имплементацијата на планскиот документ, согласно неговите цели го промовира просторниот и економски развој на просторот од аспект на одржлив развој.

**Кои еколошки проблеми се релевантни за планскиот документ. Опишете зошто истите се релевантни и опишете ја нивната природа и сериозност.**
**(Објаснете ги проблемите кои спроведувањето на планскиот документ може да ги предизвика или да доведе до нивно зголемување, проблемите кои може да го забават неговото спроведување, како и проблеми кои спроведувањето на планскиот документ може да ги реши или намали.)**

При спроведување на планскиот документ ќе се зголеми густината на сообраќајната мрежа, ќе се зголеми фрекфенцијата на сообраќај, ќе се зголеми потрошувачката на енергија, вода и ќе се зголеми производството на отпад, но ќе има и зголемување на потребата од услуги. Со спроведувањето на планскиот документ генерално позитивно ќе се влијае на локалната економија и животната средина.

**Објаснете како планскиот документ кој е предмет на разгледување е поврзан со друг/и плански документ/и во хиерархијата на планирање. Наведете го називот на тој / тие плански документ/и и наведете ги клучните влијанија на тие плански документи врз животната средина.Определете ги разликите во клучните одлуки што се носат со предметниот плански документ и другите плански документи кои биле или ќе бидат предмет на оцена.**

Реализацијата на планскиот документ претставува донесување на Детален урбанистички план во рамките на ГУП на град Битола.

**Доколку потенцијалните влијанија на клучните одлуки во планскиот документ веќе биле предмет на оцена или веќе биле разгледани во други плански документи во некоја поранешна фаза, резимирајте ги главните заклучоци на таа оцена и како тие заклучоци се користени во процесот на одлучување. Опишете дали претходно спроведената оценка е направена согласно најновите сознанија за влијанијата врз животната средина со цел да може истата да се користи во процесот на усвојување на постоечкиот плански документ.**

За предметниот простор има претходно изработен Детален урбанистички план кој влегува во рамките на ГУП на град Битола. Нема податоци за тоа дали за предходниот план била спровена стратегиска оцена.

**Доколку потенцијалните влијанија од клучната одлука во овој плански документ ќе биде оценета во некоја подоцнежна фаза на планирање на пониско ниво, наведете како ќе обезбедите влијанијата што се утврдени во оваа фаза на донесување на планскиот документ да се земат во предвид при носењето на одлуката во подоцнежната фаза (пр. се спроведува стратегиска оцена на урбанистички план во кој се предвидува изграба на објект кој подлежи на постапка на оцена на влијанието врз животната средина).**

Согласно Законот за животна средина и Уредбата за определување на критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапката за оценка на влијанијата врз животната средина потребно е да се утврди потреба за спроведување на постапка за оценка на влијанието на проектот врз животната средина. Потребата од оцена на влијанијата врз животната средина ја донесува Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина. Согласно Законот за животна средина, правните или физичките лица кој вршат дејности или активности кои не спаѓаат во проектите за кои се спроведува постапка за оцена на влијанието врз животната средина се должни да изготват Елаборат за заштита на животната средина, со цел да се оцени влијанието на дејностите или активностите врз животната средина, пред да започнат со спроведување на проектот и истиот да го достават до органот надлежен за одобрување на спроведувањето на проектот.

| | |
|---|---|
| **ИЗЈАВА** | Изјавуваме дека податоците дадени во овој формулар се точни, вистинити и комплетни. |
| **Функција, име и презиме и потпис на лицето кој го носи планскиот документ во име на органот** | Градоначалник<br><br>____________________<br>Тони Коњановски |
| Датум 02.04.2026<br>Место Битола<br>**08-456/2** | М.П.<br>РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ГРАДОНАЧАЛНИК ОПШТИНА БИТОЛА |